**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 ), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar | 15-07-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3529 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јули 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: На 08.05.2019 година Агенцијата испрати писмен допис (наш бр. 03-2618/1) со кој бараше од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дали ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Постапувајќи согласно вообичаената пракса, Агенцијата го испрати дописот преку Македонска пошта. Меѓутоа, од печатот на вратената пратка е видно дека нема можност да се изврши уредна достава, бидејќи радиодифузерот во два наврати не ја побарал пратката, и покрај тоа што бил уредно известен од Македонска пошта. За да се обезбеди успешно доставување, Агенцијата го испрати дописот преку ЕМС брза пошта. И овој обид беше неуспешен, а според печатот на вратената пратка радиодифузерот **“одбива“** да го прими дописот. На 08.07.2019 година, Агенцијата се обрати до Агенцијата за вработување и побара информација за лицата кои се во редовен работен однос во ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ. На 15.07.2019 година, Агенцијата за вработување со писмен допис (наш бр.03-3432/2) извести дека ***„бројот на вработени на денот на проверката 10.07.2019 година изнесува 0“.***

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“* и член 9 од Правилникот за

минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за радиоемитување на Трговско радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***